2024 • **ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ИНТЕРАМЕРИКАНСКА ДИВИЗИЈА

# МИСИОНСКИ ВЕСТИ

## - искуства од светот за млади и возрасни



**„Ми требаш“**

# СОДРЖИНА

**На насловната страница:** Фејт била склона кон самоповредување, а потоа се обидела да се самоубие кога била малтретирана на училиште во Тринидад и Тобаго. Таа верува дека Бог ѝ го спасил животот. Прочитајте за Фејт на 16 страница.


## ДОМИНИКА

4 Сабота и неверство | 6 јули
6 Бог го извршува својот дел | 13 јули T
9 Борба околу верата | 20 јули T
11 Цери временската капсула | 27 јули

## ТРИНИДАД И ТОБАГО

13 Украдениот автомобил! | 3 август
16 „Потребна си ми“ | 10 август T

## КОЛУМБИЈА

19 „Врати се кај Бога“ | 17 август T
22 По стапките на Павле | 24 август T
24 Бар купен со молитва | 31 август

## КОСТАРИКА

27 Повеќе од поздрав | 7 септември T
29 Вистинско богатство | 14 септември T
32 Молитва за тројца | 21 септември T












35 **ТРИНАЕСЕТТА САБОТА:**
Посетител и сон | 28 септември T
38 Идни проекти на 13-тата сабота
39 Извори за водачите
40 Карта


T = *Искуства кои се посебно интересни за тинејџерите*










SEVENTH-DAY ADVENTIST CHURCH®

©2024 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved
12501 Old Columbia Pike, Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драги водачи на саботната школа,

Ова тримесечје ви ја претставуваме Интерамериканската дивизија, која ја надгледува работата на адвентистичката црква на седмиот ден во 42 земји и територии во Карипското Море, Централна Америка и северниот дел на Јужна Америка. Во овој регион живеат 305 милиони луѓе и 3,7 милиони адвентисти. Тоа е соодност од еден адвентист за 82 луѓе.

Интерамериканската дивизија избра 6 проекти во Колумбија, Костарика, Доминика (не е исто што и Доминиканска Република; заб. на преведувачот) и Мексико кои ќе ги добијат даровите на 13-тата сабота од оваа тримесечје. Додека ги собирав искуствата за мисијата, ги посетив идните проектни места во Колумбија, Костарика и Доминика. Можете да најдете повеќе информации за тие проекти на страничната лента од оваа страница и во останатите искуства објавени во ова мисионско списние.

За време на моето патување во Интерамериканската дивизија, посетив и две места од претходните проекти на 13-тата сабота, во Костарика и Тринидад и Тобаго. Во Костарика, дарот на 13-тата сабота во 2021 година помогна да се отвори центар на влијание на адвентистичкиот универзитет во Централна Америка, кој обучува мисионери и ги учи животните вештини на децата изложени на ризик. Во Тринидад и Тобаго, ја видов растечката структура на првата универзитетска црква, проект на 13-тата сабота во 2018 година, на Универзитетот на Јужните Кариби. Универзитетот, исто така, доби дел од даровите во 2021 година за отворање центар за обука на мисионери. Лично ги слушав извештаите/сведоштавата за Божјата сила која го преобразува животот додека ги интервјуирав луѓето на кампусот, а на 12. и 14. страница можете да најдете две од тие искуства.

## Можности

***Даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за шест проекти во Интерамериканската дивизија за изградба на:***

- Центар на влијание за деца што се изложени на ризик, Буенавентура, Колумбија.
- Центар на влијание за деца изложени на ризик, Пуерто Тејада, Колумбија.
- Центар на влијание за деца изложени на ризик, во провинцијата Лимон, Костарика.
- Основно училиште Евенезер, Розо, Доминика.
- Центар на влијание за достигнување на повисоката класа, Ксалапа, Мексико.
- Центар на влијание за достигнување на високата класа, Оахака, Мексико.

### Специјални карактеристики

Ако сакате да ја оживеете вашата Саботна школа, нудиме фотографии и други материјали кои ќе го придружуваат секое искуство на мисијата. Повеќе информации се дадени во страничната лента со секое искуство.

Дополнително, можете да ја преземете PDF верзијата со факти и активности од Интерамериканската дивизија на bit.ly/iad-2024. Следете не на facebook.com/missionquarterlies. Исто така, можете да ја преземете PDF верзијата на списанието Mission на bit.ly/adultmission и видеата на Mission Spotlight на bit.ly/missionspotlight.

Ви благодариме што ги охрабрувате другите да учествуваат во мисионството на црквата!

*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*





# Сабота и неверство

**ДОМИНИКА** | 6 јули 2024

**Урсула Лесли**

*Мисионското искуство од оваа седмица го прикажува основното адвентистичко училиште „Евенезер“ во Розо, главниот град на Доминика. Училиштето, кое беше отворено во 1976 година, постојано се рангира меѓу 10-те најдобри од 62 основни училишта на островот. Но училишната зграда е преполна со 160 деца, од градинка до четврто одделение. Неколку стотини метри понатаму, 40 деца од петто и шесто одделение учат во импровизирана училница во друга зграда. Повеќе родители сакаат да ги испратат своите деца во училиште, но едноставно нема место. Дел од дарот на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогне да се изгради ново, поголемо училиште.*

*Ова е искуство на двајца студенти.*

Сузана тргнала во основното адвентистичко училиште Евенезер уште од градинка и тука го продолжила своето школување.

Но, кога била во четврто одделение, нејзиниот татко ја повикал директорката. Тој не бил среќен.

„Имам проблем“, рекол.

Претходниот викенд тој побарал од 9-годишната Сузана да ги измие садовите, но таа одбила.

„Не мијам садови денес бидејќи е сабота“, му рекла таа.

Таткото бил изненаден и несигурно го повторил своето барање.

Но, Сузана повторно одбила.

„Можам да ги мијам садовите по зајдисонце“, одговорила таа.

Потоа објаснила дека на училиште ја научила четвртата заповед, која вели: „Помни го саботниот ден, за да го празнуваш. Шест дена работи, и врши ги во нив сите свои работи; а седмиот ден е сабота Господова, ден на твојот Бог; тогаш немој да вршиш никаква работа, ни ти, ни синот твој, ни ќерката твоја...“ (2. Мојсеева 20,8–10). Таа се гледала себеси како ќерката што се спомнува во Божјиот закон. Сметала дека миењето садови е работа и сакала да ја празнува саботата со тоа што се воздржувала од работа.

Таткото не бил задоволен, и во понеделник наутро ја повикал директорката за да се пожали.

„Не сакам две религии во мојот дом“, рекол. „Не ја испратив во адвентистичко училиште за да стане адвентист“.

По овој настан таткото ја префрлил во друго училиште.

И Џек исто така тргнал во основното адвентистичко училиште „Евенезер“. Но тој бил запишан на половина од учебната година. Кога Џек

за прв пат дошол на наставата, учителката ги поучувала децата за Десетте заповеди, а неговото внимание го привлекла седмата заповед, која вели: „Не врши прељуба“ (2. Мојсеева 20,14).

Учителката продолжила: „Некои луѓе живеат заедно во својот дом, а не се во брак“, рекла учителката. „Но не би требало да биде така зашто Бог вели дека двајца треба да се венчаат, да станат едно тело и да живеат заедно. Не треба да живеат заедно кога се младич и девојка. Тие треба да бидат венчани“.

Џек отишол дома и прашал: „Мамо, дали си омажена со тато?

„ Не“, рекла мајката. „Мамо, живеете во грев“, рекол Џек. „Учителката вели дека не треба да живеете во грев. Треба да сте во брак“.

Мајка била изненадена. Не знаела што да каже. Почнала да размислува за одлуките што ги донела во својот живот. Тогаш се сетила. „Џек“, рекла таа, „кога тато ќе дојде дома, кажи му го истото што ми го кажа сега мене“.

Кога таткото пристигнал дома, Џек го прашал: „Тато, дали си во брак со мама?“ Таткото се изненадил и рекол: „Не, зошто прашуваш?“

„Денеска на часот, учителката ни рече дека маж не треба да живее со жена ако не се во брак“, рекол Џек. „Тато, живееш во грев. Треба да се ожениш“.

Таткото решил да разговара насамо со мајката. Набргу по овој настан, тие двајца се венчале.

AMsda.org/A2431

## Во врска со искуството

- Покажете каде се наоѓа Доминика на картата на светот. Потоа покажете го главниот град на Доминика, Розо, каде што дарот на 13-тата сабота ќе помогне да се изгради основно училиште.
- Гледајте го на YouTube краткото видео за директорката Урсула Лесли: bit.ly/Ursula-IAD.
- Преземете фотографии за ова искуство од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интерамериканската дивизија: bit.ly/iad-2024
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членови на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списи на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Во 1901 год. двајца верници што ја празнувале саботата од Антигва, се населиле во островската држава Доминика и собирале мала група верници секоја сабота.
- Присуството на адвентистичката црква на седмиот ден се чувствува низ целата држава. Има 23 цркви и пет групи верници, три основни училишта („Евенезер“, школа на западната област и храмската школа) и две средни училишта (Адвентистичка гимназија „Доминика“ и адвентистичка академија „Артур Волден“).

Мајката подоцна ѝ раскажала на директорката на училиштето што се случило. Ѝ рекла дека зборовите на Џек ги поттикнале таа и нејзиниот партнер да се венчаат.

Директорката, Урсула Лесли, вели дека училиштето има мисија да ги шири библиските вистини со сите деца. Она што се случува понатаму е дело на Светиот Дух.

„Родителите понекогаш се противат на одлуката на школските деца кога избираат да го следат Христа целосно“, кажува таа. „Тоа е еден од предизвиците со кои се соочуваме. Некои ученици сакаат да се крстат, но родителите само сакаат тие да стекнат добро образование и добри вредности, и ништо повеќе“.

Меѓутоа, постојат и трогателни и охрабрувачки искуства за родители кои ги прифаќаат библиските вистини што нивните деца им ги пренесуваат дома. Само вечноста ќе ги открие резултатите од семето посеано во срцата на овие деца и нивните родители.

*Молете се за основното адвентистичко училиште „Евенезер“, семињата засадени во срцата на децата и родителите да вродат со плод за спасение.*

*Ви благодариме што планирате да приложите великодушен дар за ова училиште во 13-тата сабота.*

Ендрју Мекчесни



# Бог го извршува својот дел

ДОМИНИКА | 13 јули 2024

**Родерик**

*Во ова мисионско искуство ќе слушнеме за Родерик, архитектот на новото училиште на карипската островска држава Доминика, кое ќе биде изградено со помош средствата собрани од саботношколскиот дар на 13-тата сабота ова тримесечје. Искуството започнало во 1984 година.*

Тоа бил голем ден кога Родерик добил стипендија за студирање на еден универзитет во Франција.

Ги спакувал куферите, се поздравил со својата самохрана мајка и со двајцата браќа и се преселил далеку од својот дом на карипската островска држава Доминика.

Но кога Родерик почнал да студира во Франција, чувствувал дека

нешто не е во ред. Нешто му недостасувало.

Обидувајќи се да ја пополни таа дупка, следната седмица отишол во црква во недела. Но и покрај тоа, тој не бил задоволен. Следната седмица се вратил во црква, но пак не бил задоволен. Тогаш сфатил. Иако мајка му го научила да оди на богослужение во недела, тој во своето срце бил убеден дека вистинскиот Господов ден е сабота.

Пред да замине во Франција, Родерик сакал да ја чита Библијата. Тој не ја читал Библијата за да го запознае Бога. Тој и неговите пријатели од средното училиште уживале да расправаат за Библијата и тој ја читал Библијата за да победи во дебатите. Како што читал, бил сè поубеден дека Бог го издвоил седмиот ден од седмицата и тој ден е сабота. Но, никогаш не постапувал во согласност со тоа сознание.

Сега додека се наоѓал во Франција, Родерик се прашувал дали може да најде некој што ја празнува саботата како седми ден. Се сетил дека адвентистите ја празнувале саботата во Доминика и ги прашал своите колеги од класата дали има адвентисти и во Франција. Еден колега од предавањата го запознал со својот пријател адвентист, кој исто така бил од Доминика, и Родерик почнал да оди во црква со него. Поминало само еден месец откако Родерик пристигнал во Франција.

Родерик не ѝ кажал на мајка си ниту на браќата дека оди во адвентистичката црква. Но се прашувал како ќе реагираат. Дали неговата мајка би била вознемирена? Дали неговите двајца браќа ќе имаат пониско мислење за него? Не морал долго да чека.

Два месеца откако почнал да ја празнува саботата, по пошта пристигнало писмо од неговата мајка.

Родерик го отворил пликот и го извадил писмото. Неговата мајка му напишала дека таа и двајцата негови браќа почнале да ја проучуваат Библијата со адвентистите во Доминика.

Родерик не можел да поверува во она што го читал. Дали можеби тој и неговото семејство оделе по сличен пат кон Бога, иако живееле раздвоено?

Тој одговорил на писмото: „Јас секоја сабота одам во адвентистичката црква“.

Мајка му и браќата биле мошне изненадени кога го добиле неговото писмо.

Два месеци подоцна, мајката и браќата на Родерик му го предале своето срце на Исуса со крштевање во Доминика. Два месеца потоа, и Родерик се крстил во Франција.

Родерик живеел во Франција само девет месеци, а неговиот живот целосно се променил. Во исто време, животот на неговата мајка и браќата исто така целосно се промениле.

AMsda.org/A2432

## Во врска со искуството

- Покажете ја Доминика на картата. Потоа покажете ја Франција, каде што студирал Родерик, и главниот град на Доминика, Розо, каде што дарот на 13-тата сабота ќе помогне да се отвори ново основно училиште.
- Гледајте го на YouTube краткото видео за Родерик: bit.ly/Roderick-IAD.
- Преземете фотографии за ова искуство од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од интерамериканската дивизија: bit.ly/iad-2024.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовното растење. Целта бр. 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членови на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списи на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности." Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Автохтоното население ја нарекува Доминика „Vai'tu kubuli", што значи „нејзиното тело е високо".
- Британија основала мала колонија во Доминика во 1805 г. и ја користела како дел од „Трансатлантската трговија со робови" до 1833 г. кога ја укинала трговијата со робови. Доминика останала полунезависна колонија до 1978 г. кога стекнала независност и станала република.

Како што рекол апостол Павле: „И така, кој е во Христос, тој е ново создание; старото помина, и ете, се создаде новото" (2. Коринќаните 5,17).

Кога Родерик се вратил во Доминика на својот прв одмор следната година, заедно со својата мајка и браќата ја прославувал саботата на богослужение во адвентистичката црква во сабота. Семејството го славело Бога за тоа како ги водел во нивниот живот.

„Сфативме дека Бог ме водеше во Франција во исто време и моето семејство во Доминика", вели Родерик. „Беше неверојатно да се видат Божјите раце на дело. Никогаш не му кажав на моето семејство дека одам во црква во сабота, но се покажа дека сите сме ја барале Божјата волја. Бог навистина работи на чудесен начин".

Ви благодариме што планирате да приложите великодушен дар на 13-тата сабота на 28 септември. Со тоа ќе помогнете основното адвентистичко училиште „Евенезер" да се пресели во поголема зграда во Доминика, која им е толку многу потребна. Родерик е архитект на оваа зграда, а своите услуги ги дава бесплатно. Тој со нетрпение чека и се радува што ќе може да види како Бог ќе го благослови проектот. „Нашето време не е Божјо. Сè што бара Бог од нас е верност. Кога сме верни и послушни, Бог го извршува својот дел", вели тој.

Ендрју Мекчесни



# Борба околу верата

ДОМИНИКА | 20 јули 2024

Зара



Дваесет и едногодишната Зара се сметала себеси за адвентист на седмиот ден откако знае за себе. Таа не пораснала во адвентистички дом, ниту одела во адвентистичко училиште, но нејзината дадилка била верник на Адвентистичката црква и почнала да ја носи во црква кога имала 3 години.

Зара сакала да оди во црква со дадилката, која се викала тетка Фреда.

Во црквата слушала библиски приказни и учела напамет библиски стихови. Кога би дошла дома, би ѝ ги рецитирала библиските стихови на мајка си.

Мајката не знаела ниту еден библиски стих напамет и била восхитена кога го слушала малото девојче како ги повторува стиховите од Библијата. Ја охрабрувала Зара да продолжи да оди во адвентистичката црква.

Но, кога Зара дошла на школска возраст, мајката го запишала девојчето во основно училиште што го водела нејзината црква. Тогаш избувнала неволја.

Зара веднаш се откажала од училишното правило кое налагало децата да ѝ рецитираат молитва на Марија, мајката на Исус.

Директорката на училиштето била изненадена. Но кога мајката објаснила дека Зара одела во адвентистичката црква, директорката не инсистирала таа да ја рецитира молитвата. Директорката дури им рекла на наставниците да не ја вознемируваат Зара поради нејзините верувања.

Поминале четири години.

Но тогаш новата учителка ја прекорила Зара кога видела дека сите деца, освен неа, ја читаат молитвата на училишната приредба.

„Зошто не го правиш тоа?" го прашала 8-годишното девојче.

„Јас сум адвентист на седмиот ден", одговорило девојчето.

За учителката воопшто не била важна причината.

„Правило на училиштето е дека треба да ја читате молитвата", ѝ рекла таа. „Треба да се придржуваш до школските правила".

Зара почнала да плаче.

Кога стигнала дома, и ѝ кажала на мајка си што се случило.

Тогаш мајката се вознемирила. Ја повикала директорката и следниот ден дошла на училиште да разговара со неа.

Сега било ред директорката да биде вознемирена. Таа разговарала со учителката.

Учителката престанала да ја прекорува Зара, но наоѓала други начини да ѝ го отежне животот. Кога Зара би ја кренела раката за да одговори на прашање на час, учителката одбивала да го прифати тоа. Учителката не би ја прозивала Зара дури ни кога нејзина-

AMsda.org/A2433

## Во врска со искуството

- Покажете ја Доминика на картата. Потоа покажете го главниот град на Доминика, Розо, каде што дарот на 13-тата сабота ќе помогне да се изгради нова школска зграда.
- Гледајте го на YouTube краткото видео за Зара: bit.ly/Zarrah-IAD.
- Преземете фотографии за ова искуство од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интерамериканската дивизија: bit.ly/iad-2024.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовното растење. Целта бр. 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го ставаат Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Во Доминика живеат најголем број староседелци на источните Кариби. Околу 3.000 луѓе од племето Калинаго (по кои колонистите ги именувале сите околни острови „Кариби“) ја сметаат Доминика за свој дом.
- Националниот симбол на Доминика е загрозениот папагал „сисеру“ (Amazona imperialis), и се наоѓа на националното знаме. Во 2019 година било проценето дека само околу 50 зрели единки останале во дивината.
- Долги години економијата на Доминика зависела од извозот на банани, но неодамна владата почнала да ја промовира државата како дестинација за екотуризам.
- Крикетот е популарен спорт во Доминика, а оваа островска држава се натпреварува во крикет како дел од Крикет конфедерацијата на западна Индија.

та рака би била единствената кренатата рака во училницата.

Зара се чувствувала многу непријатно кога одела на училиште и кога била во присуство на учителката.

Таа ѝ кажала на мајката што се случува, и затоа мајка ѝ решила да ја префрли во адвентистичкото училиште.

Но кога мајката се јавила во основното адвентистичко училиште „Евенезер“, дознала дека нема место за нови ученици. Мајката одбила да го прифати „не“ како одговор. Му ја објаснила ситуацијата на директорот, и Зара била примена како нова ученичка.

Иако Зара немала пријатели кога пристигнала во училиштето, сепак била среќна. Сега можела да го слави Бога онака како што верувала.

Поминала една година и Зара му го предала своето срце на Исуса со крштевање во школската црква. Тогаш се крстиле и нејзината мајка и постарата сестра.

Денес Зара е учителка во адвентистичкото училиште.

„Една од моите цели е да им помогнам на децата кои се соочуваат со ситуации слични на мојата“, кажува таа.

И дома го следи примерот на својата тетка Фреда. Секоја сабота го носи во црква 7-годишно девојче на соседите, а девојчето се враќа дома за да ѝ кажува на мајка си сѐ што научила. Мајката е восхитена и сака нејзината ќерка да продолжи да оди во црква со Зара.

Зара вели дека нејзиното искуство е доказ за Божјата верност.

„Моето сведоштво е дека, кога ќе застанете за Бога, Тој се зазема за вас“, вели таа. „Исто така, важно е да имате лична заедница со Исуса. Колку и да сте мали, ако сте повикани од Бога, не го одбивајте тој повик. Ставајте го Исуса секогаш на прво место“.

Дел од дарот на 13-тата сабота ова тримесечје ќе му помогне на основното адвентистичко училиште „Евенезер“ да се пресели во нова, поголема зграда во главниот град на Доминика, Розо. Училиштето, кое било преполно кога мајката на Зара сакала да ја запише, и натаму е преполно и има потреба од поголем објект. Ви благодариме што планирате да приложите великодушен дар за да помогнете да се остварат тие планови.

Ендрју Мекчесни




# Временската капсула Џери

**ДОМИНИКА** | 27 јули 2024

**Антонија**

На првиот училиштен ден, учителката Антонија застанала пред своите ученици во трето одделение со кутија за колачиња завиткана во украсна шарена хартија за завиткување. Децата љубопитно гледаа како таа дели жолти и зелени листови хартија.

„Ова е временска капсула“, рекла Антонија, покажувајќи кон кутијата.

Покажувајќи кон листовите, таа додала: „На вашиот лист, напишете го своето име и нешто што за би сакале да се молите во овој момент додека размислувате за иднината“.

Таа рекла дека ливчињата ќе бидат ставени во кутијата, а кутијата ќе биде запечатена. На крајот на школската година, одделението ќе организира забава за да ја отвори кутијата за да види како Бог одговорил на нивните молитви.

Децата возбудено ги запишале своите молитви во основното адвентистичко училиште „Евенезер“.

Антонија рекла дека и таа ќе ја стави својата молитва во кутијата.

„Ова сериозно го сфаќам“, рекла таа. „Верувам дека Бог може да го промени мојот живот“.

Децата го запишале она што го посакувале.

Откако временската капсула била запечатена, раката на едно момче се подигнала нагоре и возбудено прашало: „Можеме ли да ѝ дадеме некое име на временската капсула?“

Кога учителката кимнала со главата, тој извикал: „Џери! Временската капсула нека се вика Џери!“

Сите деца почнале се смеат и да аплаудираат со одобрување.

Тогаш момчето се помолило над кутијата. „Ти благодарам, Господе, за Џери“, рекло тоа.

AMsda.org/A2434

## Во врска со искуството

- Покажете ја Доминика на картата. Потоа покажете го главниот град на Доминика, Розо, каде што дарот на 13-тата сабота ќе помогне да се изгради основно училиште.
- Погледнете го краткото видео на YouTube за Антонија: bit.ly/Teacher-Antonia.
- Преземете фотографии за ова искуство од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интерамериканската дивизија: bit.ly/iad-2024.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовното растење. Целта бр. 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Доминика се наоѓа во поднебје кое се соочува со чести урагани.
- Доминика е последното големо упориште на загрозените видови на малите антилски игуани (Iguana delicatissima).
- Доминика има само четири водоземци, меѓу кои е еден од најголемите во светот, т.н. планинско пиле, а се наоѓа само во Доминика и на островот Монсерат.
- Езеро што врие е поплавена фумарола, односно вулкански кратер. Тоа е широко 75 m во дијаметар и е второ по големина топло езеро во светот.
- Огромно мнозинство од жителите на Доминика се со африканско потекло.

Временската капсула била наставно средство за кое Антонија слушнала од учителка од друго адвентистичко училиште само неколку дена пред почетокот на новата учебна година во Доминика. Нејзе ѝ се допаднала идејата за вклучување на духовна лекција во општествените активности што обично го одбележуваат првиот училиштен ден во адвентистичкото основно училиште Евенезер.

Како што поминувале седмиците и месеците, децата наизменично го држеле Цери и се молеле.

„Помогни ни да ги постигнеме нашите цели“, се молело едно дете. „Оствари ги нашите желби“, се молело друго.

Кога гости, како директорот на училиштето, пасторите или црковните водачи ќе го посетеле училиштето, децата ги замолувале да ја држат кутијата и да се помолат за нивните желби.

На крајот од учебната година, едно мало девојче ја подигнало раката. „Госпоѓице! Госпоѓице! Имам нешто да кажам“, рекло девојчето, „Бог ја услиши мојата молитва.“

На своето парче хартија напишало дека сака да чита подобро, а сега може.

Потоа се подигнале уште неколку мали раце. Децата зборувале за молитвите да добијат високи оценки и добар успех.

Две деца рекле дека можат да поминуваат време со своите татковци, кои живееле на други острови.

Едно девојче рекло дека се молело за братче или сестричка, а тетката која имала бебе се преселила во куќа близу до нејзиниот дом.

Кога завршиле благодарењата на децата, Антонија ја наведнала главата и упатила благодарствена молитва во која го кажала напамет стихот Марко 9,23: „Исус пак му рече: ‚Ако можеш да поверуваш - сè е можно за оној што верува!'"

Дел од даровите на 13-тата сабота ова тримесечје ќе биде употребен да се изгради нова зграда за Адвентистичкото основно училиште Евенезер. Училиштето е отворено во 1976 година, и постојано се рангира меѓу првите 10 најдобри од 62 основни училишта во Доминика. Но старата училишна зграда е преполна со 160 деца од градинка до четврто одделение. На стотина метри понатаму, уште 40 петто и шестоодделенци учат во импровизирана училница во друга зграда. Сè повеќе родители сакаат да ги испраќаат своите деца во ова училиште, но едноставно нема место.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушен дар на 28 септември.

Ендрју Мекчесни



# Временската капсула Џери

**ТРИНИДАД И ТОБАГО** | 3 август 2024

**Беверли**

Додека Беверли излегувала од автомобилот околу 11:30 навечер, некој ја турнал назад преку возачкото седиште на совозачкото место. Во исто време, друг човек седнал на задното седиште и ја притиснал Беверли со пиштол во вратот.

„Сега одиме да се повозиме", рекол човекот на возачкото седиште.

Тој го извлекол автомобилот надвор од дворот на Беверли на карипскиот остров Тринидад, и тргнало во непознат правец во ноќта.

Сите молчеле некое време, тогаш Беверли проговорила.

„Ќе ме убиете ли?" прашала.

„Ако не ни го видите лицето, нема да ве убиеме", одговорил возачот.

Беверли видела дека возачот носи блуза со качулка. Таа веќе не го погледнала.

„Знаете ли колку долго ве следиме?" прашал возачот.

Беверли не одговорила. Поминале два и пол часа откако таа го напуштила Универзитетот на Јужните Кариби, адвентистичката институција каде што работела и истовремено

учела на магистерски студии по психологија. Таа ја однела својата пријателка од универзитетот дома, а патем и двете застанале да јадат. Откако ја оставила својата пријателка, се упатила кон својата куќа.

„Која беше таа девојка што ја оставивте?“ прашал возачот.

„Пријателка од групата“, одговорила Беверли.

„Ве следиме веќе подолго време“, рекол возачот.

Човекот на задното седиште ја повлекол раката на Беверли зад седиштето и се обидел да ѝ ја извади бурмата.

„Остави го тоа“, рекол возачот и човекот ја пуштил раката на Беверли.

Возачот ја прашал Беверли дали слушнала нешто за неодамнешната серија убиства на островот. Тој рекол дека некој негов пријател бил убиен и тој планирал да го искористи автомобилот на Беверли за да се одмазди.

„Можете ли да ме пуштите да излезам од автомобилот?“, прашала.

„Не, ќе дојдеш со нас“, ѝ рекол тој.

Но за момент подоцна како да се предомислил.

„Имате ли некој на кого би можеле да му се јавиме?“ ѝ се обратил.

„На мојот сопруг.“

„Повикај го и види дали ќе те земе“.

Некако човекот на задното седиште ја дофатил чантата на Беверли, ја отворил, го извадил мобилниот телефон на Беверли и ѝ го подал.

Беверли му ѕвонела на сопругот, но никој не одговарал.

Човекот на задното седиште го грабнал мобилниот телефон и изразил сомнеж дека таа му се јавила на својот сопруг. „Таа дури го нема овој број зачуван за брзо бирање“, рекол.

Ноќното возење продолжило.

„Многу сум исплашена“, им рекла Беверли. „Може ли да пуштам музика од CD? Но кога притиснала Play, немало CD во плеерот. Таа не можела да разбере зошто. Тоа утро слушала христијанска музика додека се возела до универзитетот. Пеела додека ја слушала песната: „Исусе, преземи го во своите раце воланот на мојот живот“.

Сега Беверли се прашувала дали дискот можеби паднал на подот. Напипала со рака и го пронашла дискот. „Еве го на подот“, рекла таа. „Дозволете ми да го ставам во плеерот“. Се слушнала музика, но тоа не бил дискот што Беверли сакала да го стави. Таа не знаела од каде дојде овој диск. Некој пеел: „Господе, се надевам во тебе“.

Човекот одзади длабоко воздивнал.

Возачот не обраќал внимание на песната. Тој рекол: „Ќе ја смениме регистарската табличка, а утре полицијата ќе го најде вашиот автомобил“.

Сакал да ја пушти Беверли да си оди. Но Беверли не сакала да биде пуштена без пари во мракот. „Немам пари“, рекла таа. „Како ќе се вратам дома?“

Возачот му рекол на својот партнер да ѝ даде пари на Беверли.

„Колку? 20 долари?“ прашал.

„Имам 1.000 долари во мојата чанта одзади“, рекла Беверли.

Тој ден, таа ја повлекла својата заштеда од банка и ги носела дома за да купи повеќе работи. Била сигурна дека човекот на задното се-

диште веќе ги нашол парите, но сакала и возачот да знае за тоа.

„Дај ѝ 100 долари“, му рекол возачот.

Беверли ги зела парите, автомобилот застанал и ѝ било наредено да излезе. Поминала од другата страна на патот и го запрела првото такси, кое ја однело дома.

Беверли до ден-денес не знае зошто Бог го дозволил да го доживее тоа страшно искушение. Но, додека размислувала за она што се случило, ѝ се чини дека Бог се обидувал да го привлече нејзиното внимание, велејќи ѝ: „Имај доверба дека ќе го сочувам твојот живот“.

Како прво, тоа утро пред крадењето на автомобилот, таа пеела: „Исусе, преземи го во своите раце воланот на мојот живот“. Но, таа го поминала целиот ден како што поминувала и во многу други денови, настојувајќи да ги контролира сите детали од нејзиниот живот без Божја помош.

Ова, исто така, било трет пат таа го изгуби автомобилот. Првиот пат автомобилот ѝ бил украден од пред куќата. Вториот пат нејзиниот автомобил бил уништен во сообраќајна несреќа.

Изгледало повеќе од случајност што, кога се возела дома со таксито по кражбата, на звучниците на таксито се слушнала песна со зборовите: „Колку пати треба да те пуштам да поминеш низ истите работи за да ти покажам колку многу те сакам?“

Полицијата никогаш не го пронашла автомобилот на Беверли. Но, таа не се жали. Вели дека крадењето на автомобилот бил пресвртница во нејзиниот живот. Сега таа е решена да му верува на Бога во сите области од нејзиниот живот. „Многу луѓе чиишто автомобили се украдени биле убиени“, изјавува. „Не знам зошто останав жива. Како христијани, мора да му веруваме на Бога во сите околности“.

Ова мисионско искуство дава увид во животот во Тринидад и на Универзитетот на Јужниот Кариби, кој доби дел од даровите на 13-тата сабота во 2018 година за изградба на црква во рамките на самиот универзитет. Универзитетот, каде што денес работи Беверли, доби и дел од даровите на 13-тата сабота во 2021 година за отворање центар на влијание за обука на мисионери. Ви благодариме за вашите великодушни дарови на 13-тата сабота кои помагаат луѓето во Тринидад и ширум светот да научат да имаат доверба во Бога.

Ендрју Мекчесни

AMsda.org/A2435

## Во врска со искуството

- Покажете го Тринидад и Тобаго на картата на светот.
- Гледајте го на YouTube краткото видео за Беверли: bit.ly/Beverly-IAD.
- Преземете фотографии за ова искуство од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интерамериканската дивизија: bit.ly/iad-2024.



# „Потребна си ми“

**ТРИНИДАД И ТОБАГО** | 10 август 2024

**Фејт**

Една вечер, додека била сама дома, единаесетгодишната Фејт престанала да го шие копчето на кошулата од својата школска униформа. Таа зела остри ножици и почнала да ги сече рацете додека не потекла крв. Во главата ѝ станувало тешко и мислела дека ќе се онесвести.

Животот на Фејт почнал да оди по надолна линија неколку месеци порано, кога мајка ѝ била подложена на итна операција. Додека мајката закрепнувала во болница, девојчето шест месеци останало само дома.

Вообичаено, во таква ситуација, постарите браќа и сестри или соседите доаѓаат да помогнат. Но Фејт немала ни брат ни сестра. Соседите не знаеле дека е сама дома, а таа не сакала да им каже.

Нејзиниот татко, кој живеел на друг остров и не бил вклучен во нејзиниот живот, ја посетувал еднаш или двапати седмично.

„Како си?“, ја прашувал секојпат. „Добро сум“, секогаш одговарала таа. Некогаш ѝ давал пари, а потоа си заминувал. Фејт не му кажувала ништо за нејзиниот живот. Чувствувала дека тој нема да ја разбере.

Фејт научила да готви ориз и грав. Кога ни тоа веќе го немала, живеела од леб, путер и сирење што ги купувала со парите на татко ѝ или со скудните средства што мајка ѝ ѝ ги оставила дома.

Чувствувала дека мора сама да шие за да си ја поправи својата облека.

Во текот на денот била на училиште. И претходно била цел на малтретирање, но проблемот се влошил откако нејзината мајка била хоспитализирана. Другите девојчиња ја исмејувале Фејт поради нејзината тежина, поради нејзиниот изглед и интелигенција. Отпрвин, таа одговарала љубезно, надевајќи се дека ќе станат пријателки и дека малтретирањето ќе престане. Но, се чинело како ништо да не се сменило и дека нема никогаш да се промени. Нејзината самодоверба исчезнала и таа почнала да се мрази себеси.

Еднаш имала можност да ја посети мајка си кога некој ја однел со автомобил во болница, оддалечена 30 минути возење. Мајката изгледала толку кревка, бледа и безживотна. Кога Фејт ја видела, се расплакала. Сакала да ѝ каже за малтретирањето на училиште, но не можела.

На училиште, малтретирањето ескалирало. Еден ден, едно девојче ѝ рекло: „Треба да се убиеш. Тогаш сите би биле среќни".

Фејт поверувала во тие зборови. Мислела дека заслужува да биде навредувана. Мислела дека не заслужува љубов, пријатели или нешто убаво. Тогаш почнала да се повредува. Се изгладнувала. Ги пуштала ноктите да растат, а потоа го чешала телото додека не потече крв. Потоа почнала да користи жилети, сечила, ножеви и ножици. Таа сакала да почувствува нешто, што било. Нејзините оценки паднале од 4 на 1.

Потоа дошла ноќта кога решила да се самоубие со ножици. Додека во главата ѝ се вртело, слушнала глас во себе. Тоа била гласот на мајка ѝ. Долго време го немала слушнато нејзиниот глас.

„Потребна си ми. Ми требаш повеќе од кој било друг, дури и ако на никој друг не си му потребна".

Во тој момент решила да не се самоубие. Ќе живее за мајка си, помислила. Се натерала да стане и да ги преврзе раните на рацете.

Следниот ден, учителката ги забележала завоите на нејзините раце и разговарала со Фејт насамо.

„Дали си добро?" ја прашала таа. Девојчето почнало да плаче и силно да вика. Сè што се собирало внатре во текот на сите тие месеци, сега излегло од неа. И учителката почнала да плаче.

AMsda.org/A2436

## Во врска со искуството

- Прикажете го Тринидад и Тобаго на картата на светот.
- Гледајте го на YouTube краткото видео за Faith: bit.ly/Faith-IAD.
- Преземете фотографии за ова искуство од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интерамериканската дивизија: bit.ly/iad-2024.

## Мисионски факти

- Првиот конкретен позитивен одговор на адвентистичките учења во Тринидад дошол преку примерок на книгата на Елена Вајт „Патријарси и пророци" што ја купил свештеник од друг остров, за на крајот книгата да дојде во сопственост на човек кој станал еден од првите што ја празнувале саботата на овој остров.

„Дали јадеше?"

„Не, јас се изгладнувам себеси."

„Дали спиеш?"

„Не, не можам да спијам без мајка ми."

Од тој ден, учителката ја зела Фејт под своја закрила. Под нејзиното будно око, малтретирањето стивнало и набрзо престанало.

Потоа мајка ѝ си дошла дома. Колку прекрасен ден! Девојчето ѝ раскажало на мајка си за сè. Додека слушала, мајката почнала да плаче.

Земајќи ја нејзината рака, таа рекла: „Дали ќе ми ветиш дека никогаш повеќе нема да се повредуваш себе-

си на каков било начин? Вети ми дека нема да се обидеш да извршиш самоубиство. Потребна си ми и те сакам“.

Низ солзи, Фејт рекла: „Ветувам.“ Поради своите лоши оценки, таа морала да ја повтори истата година“. Била вознемирена, но мајка ѝ ја охрабрила и ѝ рекла дека така е најдобро. И така и се случило.

Ги оставила старите другарки од одделението и била опкружена со нови кои ја сакале и ја почитувале. Стекнала многу добри нови пријатели.

Мајката почнала да оди во црква, и ја повикала ќерката да ѝ се придружи. Ниту една од нив не била во црква со години. Фејт на почетокот не била заинтересирана бидејќи мислела дека ќе ѝ биде здодевно. Меѓутоа, кога си заминала, уживала во песните и во хорот. Тогаш продолжила да оди во црква и не престанала да оди до ден-денес.

Заедно со мајка ѝ му го предале своето срце на Исуса со крштевање.

Гледајќи наназад на својот живот, таа верува дека Бог ја спасил испраќајќи ѝ го мајчиниот глас во мигот кога ѝ бил најпотребен.

„Не можам да го објаснам тоа“, вели таа. „Бев сама дома и знам дека во мислите го слушнав гласот на мајка ми. Претпоставувам дека таа е личноста што ми беше најпотребна во тоа време. Тоа беше дело на Светиот Дух. Знаеше што ми треба токму во тој момент“.

На младите, кои исто така се соочуваат со малтретирање, таа им порачува: „Да имав временска машина и да можев да се вратам на 11-годишна возраст, би си зборувала во себеси: ‚Ќе бидеш добро. Сè ќе биде во ред. Ќе запознаеш многу други пријатели, навистина добри луѓе кои ќе те сакаат и ќе те ценат таква каква што си. Сè што треба да направиш е да го ставиш Бога на прво место и сè ќе биде во ред‘“.

Ова мисионско искуство дава увид во животот на Тринидад и во тамошните предизвици на мисијата.

Дел од даровите на 13-тата сабота во 2018 година беше употребен за изградба на црква на кампусот на Универзитетот Јужни Кариби, кој се наоѓа во близина на куќата во која живеат Фејт и нејзината мајка.

Уредникот на списанието „Адвентистичка мисија“ се сретна со Фејт за да ја слушне нејзината животна приказна на универзитетот.

Ви благодариме за даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје кои ќе бидат употребени за да им помогнеме на младите во оваа дивизија, да внесат надеж во нивниот живот.

Ендрју Мекчесни



# „Врати се кај Бога“

**КОЛУМБИЈА** | 17 август 2024

**Вилинтон**

Вилинтон за прв пат се напил алкохол откако една сабота се вратил од богослужение во црквата во Богота, Колумбија. Имал 14 години и попуштил под притисокот на пријателите.

По првиот пијалак, тој пиел речиси секој ден во следните 24 години.

Вилинтон се иселил од домот на своите родители кога имал 17 години. Потоа се преселил кај својата девојка и 21 година живеел со неа. Имаат два сина. Пиел во секое време. Поради неговото пиење, тој не можел да ја задржи работата.

Еден ден, кај него дошол пријател на татко му и го затекол пијан.

„Вилинтоне, го познавам татко ти“, рекол пријателот, чие име е Џејми. „Можеш да се вратиш кај Бога“.

„Дали сте адвентист?“ промрморел Вилинтон со нејасен говор.

„Да, јас сум адвентист“, му одговорил Џејми.

„Ако си адвентист, испејте ми ја песната бр. 500“, побарал Вилинтон. Песната носи наслов „О над сонце, глеј“.

Додека Џејми му ја пеел песната, на Вилинтон му се слевале солзи низ очите. Кога песната завршила, Вилинтон му го изрецитирал својот омилен библиски стих. Тоа бил стихот Јован 3,16.

Тој ден го означил почетокот на ново пријателство.

Во текот на следните три години, Џејми постојано го посетувал Вилинтон и му велел: „Те молам, врати се кај Бога“.

Вилинтон секогаш го имал истиот одговор. „Да“, би одговорил. „Не гризи се. Ќе се вратам.“ Но, не се вратил.

Џејми му понудил да ја проучува Библијата со него, но Вилинтон не бил заинтересиран. Го сакал Џејми, но не сакал да поминува време со Бога.

Сепак, тој ја бранел саботата како седми ден пред својата сопруга и пред двајцата синови кои оделе во црква во недела.

„Не мора да одите во таа црква“, им велел тој. „Тоа е губење време. Ако сакате паметно да го поминете времето, вие треба да одите во црквата на адвентистите на седмиот ден“.

AMsda.org/A2437

### Во врска со искуството

- Покажете ја Колумбија на мапата на светот. Потоа покажете го главниот град Богота, каде што живее Вилинтон, а потоа и градовите Буенавентура и Пуерто Тејада, каде што дарот на 13-тата сабота ќе помогне да се отворат центри на влијание за загрозените деца.
- Гледајте го на YouTube краткото видео за Вилинтон: bit.ly/Wilinton-IAD.
- Прочитајте повеќе за Вилинтон следната седмица.
- Преземете фотографии за ова искуство од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интерамериканската дивизија: bit.ly/iad-2024.
- Ова мисионско искуство ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта на мисијата бр. 2: „Зајакнете го адвентистичкото дело во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно запознаени групи луѓе со адвентистичките учења". Целта бр. 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности." Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

Бидејќи Вилинтон продолжил да пие и без постојан приход, тој длабоко потонал во долгови.

Една вечер, Џејми дошол во домот на Вилинтон со адвентистички пастор и неколку други членови на црквата. Влезната врата била отворена и тие влегле во куќата пред Вилинтон да го забележи тоа.

Пасторот одржал петминутна проповед, но Вилинтон не го слушнал говорењето на свештеникот. Му се чинело како да го слуша гласот на Светиот Дух. Проповедта го трогнала неговото срце.

Тогаш Џејми го повикал на серија евангелски состаноци кои штотуку започнале во адвентистичката црква.

„Твојата мајка ме замоли да ти кажам: 'Врати се кај Бога'", му пренел тој.

Откако гостите си заминале, Вилинтон решил да остане дома со своето семејство.

Тогаш му пристапил неговиот дванаесетгодишен син.

„Тато, ти ми кажа дека адвентистичката црква е вистинската црква", му рекол тој. „Те молам одведи ме во таа црква".

Овие зборови го скршиле срцето на Вилинтон. Тој решил да го однесе своето семејство на евангелските состаноци во адвентистичката црква.

Презентацијата таа вечер сосем го изненадила Вилинтон. Мислел дека се работи за него.

Си помислил: „Како овој пастор знае сè за мене?" Потоа почнал да плаче. Размислувал за алкохолизмот, пијанството и

за своите долгови. Неговиот грешен живот тешко го оптоварувал.

Кога пасторот повикал да излезат напред сите оние што сакаат да се помоли за нив. Вилинтон си помислил во себе: „Не можам да одам напред. Кога ќе заврши богослужението, тогаш ќе отидам во барот да се напијам нешто“. Одлучил да остане во своето место.

Но, пред и самиот да сфати, стоел напред покрај проповедалната заедно со уште 17 души.

Тивко се молел: „Боже, не можам да бидам овде. Знаеш дека вечерва повторно ќе пијам“.

По состанокот отишол во барот. Додека пиел, размислувал за проповедта. Чувствувал дека нешто во него се променило.

Поминале три седмици, а тој продолжил да пие. Секогаш кога пиел, добивал чувство дека Светиот Дух му вели: „Ќе ти помогнам да престанеш да пиеш ако донесеш цврста одлука да престанеш“.

Четвртата седмица си рекол: „Не можам веќе да продолжам вака. Морам да донесам одлука, или за Бога или за алкохолот“.

На крајот на таа седмица, во сабота навечер, тој го избрал Бога.

Се молел: „Боже, не сакам веќе да пијам“. Тоа утро повторно се молел, велејќи: „Боже, помогни ми денес, ден за ден, да престанам да пијам“.

На негово изненадување, не пиел целиот тој ден. Тоа бил неговиот прв ден на победа откако почнал да пие на 14-годишна возраст. Изненаден, си рекол: „Мислев дека никогаш нема да престанам да пијам, но Бог ми помогна“.

Кога Џејми ја слушнал веста, бил одушевен. Вилинтон се враќал кај Бога.

Ова мисионско искуство дава увид во животот на луѓето во Колумбија и во тамошните мисионски предизвици.

Дел од даровите во 13-тата сабота ова тримесечје ќе помогне да се отворат два центра на влијание за да им се помогне на децата кои се изложени на опасност од злоупотреба на алкохол и дрога во Колумбија. Овие центри на влијание ќе бидат во градовите Буенавентура и Пуерто Тејада.

Ви благодариме што планирате да издвоите и приложите великодушен дар на 28 септември.

Ендрју Мекчесни



# По стапките на Павле

**КОЛУМБИЈА** | 24 август 2024

**Вилинтон**

Животот на Вилинтон во Богота, Колумбија, почнал да се менува откако престанал да пие.

Се вработил, почнал да си ги отплаќа долговите и се оженил со својата вонбрачна сопруга.

Потоа Вилинтон, неговата сопруга и нивниот дванесетгодишен син решиле да сторат завет со Бога со крштевање.

Еден ден пред крштевањето на Вилинтон, еден пријател адвентист предвидел дека Бог има големи планови за него. „Ти ќе бидеш следниот апостол Павле", му рекол пријателот Џејми. „Ти ќе им помогнеш на многу луѓе".

На Вилинтон не му требало долго време за да сфати дека Бог го повикува да им помогне на алкохоличарите.

Еден месец по неговото крштевање, додека тоа саботно утро одел пеш до црквата, чул глас како му вели: „Застани овде".

Тој застанал. Го подигнал погледот и ја здогледал градска улица со мноштвото кафеани каде што некогаш пиел.

Гласот му рекол: „Ќе им помогнеш на сите овие луѓе. Ти пиеше, а сега ќе им помагаш на другите што пијат. Ќе ти дадам можности и ќе ти помогнам да не се вратиш на старото".

Во црква, Вилинтон го побарал Џејми. „Имам идеја", му рекол.

„И јас имам идеја", возвратил Џејми. „Кажи ми ја прво својата идеја".

„Мислам дека Бог ми вели дека треба бидам светлина во оние кафеани каде што владее само темнина", му рекол Вилинтон.

„Леле!" извикал Џејми. „На истото помислив и јас".

Се чинело како повеќе од случајност. Двајцата мажи се согласиле дека Светиот Дух сигурно го повикува Вилинтон да им помага на алкохоличарите.

Во текот на следната недела, Вилинтон ги повикувал луѓето од кафеаните да дојдат во неговата куќа за да ја проучуваат Библијата. Единаесет луѓе се појавиле на првото библиско проучување во сабота попладне.

Како што поминувале седмиците, групата што се состанувала во неговиот дом брзо растела. Вилинтон изнајмил поголема куќа. Кога групата станала преголема и за таа куќа, тие се преселиле во изнајмена сала. Луѓето се крштавале, а групата постојано растела.

Најпосле, Вилинтон сфатил дека на групата ѝ треба да поседува свое место. Гледал да купи зграда, но

градскиот имот бил скап. Додека се молел, чувствувал повик да посети некој бар во кој одел од својата 16 година. Се чинело неверојатно, но кога би можел да го купи тој бар, ќе може да го преуреди во сала за состаноци.

Тој се молел: „Боже, дали ти навистина сакаш да работам за Тебе во бар?“

Вилинтон го побарал сопственикот на барот и дознал дека зградата се продава.

Сопственикот веднаш го препознал Вилинтон и бил видно изненаден кога го видел трезен.

„Дали си тоа навистина ти?“ го прашал.

„Да, јас сум“, одговорил Вилинтон.

„Се сеќаваш ли кога доаѓаше овде и пиеше цело време?“

„Да, се сеќавам.“

Сопственикот одмавнал со главата со неверување. „Те познавам“, му се обратил. „Не можам да поверувам дека живееш поинаков, нов живот.“

Кога сопственикот ја кажал цената за зградата, Вилинтон сфатил дека нема доволно пари. Тој им ја пренел на другите членови на црквата потребата да се купи зградата, но и тие немале да приложат доволно средства.

Вилинтон не се обесхрабрил. „Божјите планови се совршени“, им рекол тој. „Не грижете се. Оваа зграда ќе биде наша“.

Тој и другите членови на црквата почнале да се молат и да собираат средства. Една година подоцна, тие го купиле барот и го претвориле во адвентистичка црква и во центар на влијание.

AMsda.org/A2438

## Во врска со искуството

- Покажете ја Колумбија на мапата на светот. Потоа покажете ја Богота, главниот град кадешто живее Вилинтон, а потоа градовите Буенавентура и Пуерто Тејада, каде што дарот на 13-тата сабота ќе помогне да се отворат центри на влијание за децата изложени на ризик.
- Гледајте го на YouTube краткото видео за Вилинтон: bit.ly/Wilinton-IAD.
- Прочитајте како членовите на црквата на чудесен начин го купиле барот следната седмица.
- Преземете фотографии за ова искуство од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интерамериканската дивизија: bit.ly/iad-2024.
- Ова мисионско искуство ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и жртва за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Целта бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- 1980-тите и 1990-тите биле период на брутално политичко насилство во Колумбија. На некои места, членовите на црквата и пасторите биле киднапирани, мачени или принудени да побегнат од своите домови.

Денеска секоја сабота во црквата доаѓаат на богослужение 50 луѓе. Во текот на седмицата, центарот на влијание нуди часови за животни вештини и програма за одвикнување од алкохолот.

Вилинтон, кој е црковен старешина и заменик-директор на центарот на влијание, вели дека преку неговата мала група, повеќе од 15 поранешни алкохоличари му го предале своето срце на Исуса и се крстиле. Покрај тоа, уште 85 луѓе се крстени во оваа нова црква и центарот на влијание во последните три години.

„Сега работам за Исуса и ги барам изгубените на кои им е потребна помош“, изјавува Вилинтон. „Решив да бидам како Павле, кој секогаш го ширел Евангелието и го молел Бога да му даде сила да ги води луѓето кај Него.“

Тој додава: „Божјите планови се совршени и тие никогаш не се менуваат“.

Ова мисионско искуство дава увид во животот на луѓето во Колумбија и во тамошните мисиски предизвици. Дел од дарот на 13-тата сабота ова тримесечје ќе помогне да се отворат два центри на влијание за да им се помогне на децата кои се наоѓаат во опасност од злоупотреба на алкохол и дрога во Колумбија. Овие центри на влијание ќе бидат во градовите Буенавентура и Пуерто Тејада.

Ви благодариме што планирате да издвоите и приложите великодушни средства на 28 септември.

Ендрју Мекчесни



# Бар купен со молитва

**КОЛУМБИЈА** | 31 август 2024

**Адријана**

Адријана била вешта во основањето цркви во Колумбија. 35-годишната сопруга и мајка основала шест цркви во текот на 15 години, а била подготвена да помогне околу формирањето на црквата бр. 7 во сиромашна населба во јужниот дел на големиот главен град на Колумбија, Богота.

Но, се чинело дека никој не може да најде соодветна зграда на добра локација.

Идејата за црква произлегла тогаш кога Вилинтон, поранешниот алкохоличар во соседството, му го предал

своето срце на Исуса и основал мала група за проучување на Библијата во својот дом. Групата растела и го надминала неговиот дом и се селела неколку пати.

Сега 50 души се собирале заедно на богослужение секоја сабота, и дошло време тие да имаат своја сопствена црковна зграда.

Адријана припаѓала на друга црква, но сакала да помогне околу основањето на црковната заедница на Вилинтон. Разгледала пет згради и не нашла ништо соодветно.

Тогаш Вилинтон предложил да видат еден бар што го посетувал пред да се крсти. Барот бил точно во центарот на населбата, и бил ставен на продажба. Но, бараната цена била превисока.

Адријана се сретнала со сопственикот на барот. Таа објаснила дека членовите на црквата сакаат да ја купат зградата, но немаат средства.

„Можете ли да почекате една година додека да собереме пари?“ го замолила таа.

Сопственикот не сакал да чека и отсечно одмавнал со главата.

Адријана го молела да размисли, но тој одбил. Сепак, додал: „Ако вашиот план е од Бога, оваа зграда ќе биде ваша“.

Адријана и другите членови на црквата се молеле Бог да им помогне и почнале да собираат пари.

Тогаш дошол потенцијален купувач да ја разгледа зградата. Му се

AMsda.org/A2439

## Во врска со искуството

- Покажете ја Колумбија на картата на светот. Потоа покажете ја Богота, каде што живее Адријана, и градовите Буенавентура и Пуерто Тејада, каде што дарот на 13. сабота ќе помогне да се отворат центри на влијание за децата изложени на ризик.
- Гледајте го на YouTube краткото видео за Адријана: bit.ly/Adriana-IAD.
- Преземете фотографии за ова искуство од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интерамериканската дивизија: bit.ly/iad-2024.
- Ова мисионско искуство ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и жртва за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел продолжува да го зголемува бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Колумбија го има второто највисоко ниво на биодиверзитет во светот. Само Бразил, кој е осум пати поголем од Колумбија, има повеќе биодиверзитет.

допаднало тоа што го видел и се согласил да ја купи.

Членовите на црквата се прашувале дали ќе ја изгубат зградата. Тие се молеле да се оствари Божјата волја.

Потенцијалниот купувач си заминал и никогаш не се вратил да ја купи зградата.

Зградата останала на продажба.

Потоа друг купувач ја посетил зградата и се понудил да ја купи. Се чинело дека продажбата ќе помине. Членовите на црквата повторно се молеле да биде Божја волја, а купувачот повторно не се вратил со парите.

Сопственикот на барот не можел да разбере зошто не успевал да ја продаде неговата зграда. Ја намалил цената. Потоа повторно ја намалил. Но, и покрај тоа, не можел да најде купувач.

Адријана била убедена дека Бог има план да го претвори барот во црква и во центар на влијание. Центарот на влијание би им нудел на луѓето во заедницата курсеви за животни вештини и би им помагал на оние кои се борат со алкохолизмот.

Адријана повторно го посетила сопственикот на барот.

„Нема да ја продадете оваа зграда", смело му рекла таа. „Ќе ни го продадете бидејќи тоа ќе биде место што ќе ѝ помага на заедницата и ќе го прославува Бога".

Поминала една година, а членовите на црквата собрале доволно пари за да ја купат зградата по пониска цена. Црковниот водач го посетил сопственикот за да ја финализира продажбата.

Сопственикот изразил олеснување што конечно може да ја продаде зградата.

„Не можев да ја продадам оваа зграда бидејќи адвентистите се молеа да ја купат", изјавил тој.

Две седмици подоцна, зградата била продадена на Адвентистичката црква. Конечната, намалена цена била половина од пазарната вредност на слични згради во соседството.

Денес Адријана го слави Бога за новата црква и за новиот центар на влијание.

„Сите се молевме за ова место", вели таа.

„Кога Бог има план, никој не може да го промени".

Ова мисионско искуство дава увид на животот на луѓето во Колумбија и на тамошните мисиски предизвици.

Дел од дарот на 13-тата сабота ова тримесечје ќе помогне да се отворат два центра на влијание за да им се помогне на децата кои се изложени на опасност од злоупотреба на алкохол и дрога во Колумбија. Овие центри на влијание ќе бидат во градовите Буенавентура и Пуерто Тејада.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушен дар на 28 септември.

Ендрју Мекчесни



# Повеќе од поздрав

**КОСТАРИКА** | 7 септември 2024

**Харлина**

Харлина ја препознала Флора додека ја поминувале улицата. Како поранешна припадничка на полицијата, Харлина знаела дека Флора е готова да продаде сè само за да купи дрога и алкохол.

Флора исто така ја препознала Харлина. Двете жени живееле на оддалеченост од само еден блок во еден град во Костарика. Тие разменувале поздрави низ годините, но никогаш ништо повеќе од тоа.

Тој ден, Харлина почувствувала желба да каже нешто повеќе од вообичаеното „здраво“.

„Како си?“ ја прашала таа. „Како живееш?“

„Сè е лошо“, нерасположено одговорила Флора.

Харлина внимателно ја погледнала жената. „Имаш ли нешто за јадење?“ ја прашала.

Флора ја спуштила главата и почнала да плаче. Харлина отишла до првата продавница и решила за да купи храна за Флора.

Кога се враќала дома од продавница, застанала пред куќата на Флора и ѝ оставила вреќа со ориз, вреќичка грав и две парчиња пилешко.

Следниот ден Харлина го видела пасторот од својата црква пред банка.

„Имам малку храна овде“, ѝ рекол покажувајќи кон вреќата полна со ориз, грав, масло, брашно и други работи. „Дали познаваш некој што има потреба од храна?“

„Да“, одговорила Харлина. „Имам сосетка која нема што да јаде“.

„Земи го ова и дај ѝ го“, ѝ рекол тој.

Харлина го повикала пасторот да дојде со неа. „Дојди со мене и ќе видиш каде живее“, му рекла таа.

Двајцата отишле во домот на Флора и ѝ ја предале храната.

Флора била многу благодарна.

Додека разговарале, Харлина ја прашала дали би сакала да ја проучуваат Библијата заедно. На Флора многу ѝ се допаднала таа идеја.

Следниот ден Харлина пристигнала на проучувањето на Библијата заедно со неколку верници од нејзината црква. Куќата на Флора била премногу трошна за да се сретнат внатре, па седнале во нејзиниот мал двор.

По оваа средба групата се состанувала еднаш седмично за да пее и да ја проучува Библијата. Флора сакала да пее, а особено ѝ се допаднала песната која гласи „Дај ми ново срце“.

Срцето на Флора почнало да се менува. Престанала да ги навредува и

## Во врска со искуството

- Покажете ја Костарика на картата.
- Гледајте го на YouTube краткото видео за Харлин: bit.ly/Harlin-IAD.
- Преземете фотографии за ова искуство од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интерамериканската дивизија: bit.ly/iad-2024.
- Ова мисионско искуство ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и жртва за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел продолжува да го зголемува бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности." Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Првите адвентистички цркви во Костарика главно биле основани долж брегот на Карибите, а многу мали црковни заедници растеле во близина на железничките станици покрај пругите.
- Во 1928 година била основана адвентистичката мисија Костарика-Никарагва со четири цркви и 152 членови.

да ги удира членовите на семејството и соседите што ја вознемирувале. Нејзиниот говор полн со вулгарности сега станал чист.

Два месеца од почетокот на проучувањето на Библијата, започнала сезоната на дождови во Костарика и групата веќе не можела да се состанува во дворот на Флора поради честите дождови.

На Флора ѝ недостасувале седмичните собирања и таа сабота го побарала друштвото на членовите на Адвентистичката црква. Никој не ја поканил во црквата. Таа дошла сама.

Поминале уште два месеца, а пасторот на црквата ја прашал Флора дали би сакала да му го предаде своето срце на Исуса со крштевање.

Нејзе ѝ се допаднало прашањето. „Да", одговорила таа. „Никој никогаш не ме прашал дали сакам да се крстам".

По кратко време Флора била крстена.

Флора имала лоша репутација во градот. Сите го знаеле нејзиниот живот. Граѓаните сега можеле да видат како таа се менува, и биле зачудени кога ја виделе како радосно си оди дома по своето крштевање. Мноштво луѓе застанувале за да ја прегрнат и да ѝ честитаат.

Флора била многу среќна! Со години никој не ја прегрнал.

Неколку месеци по нејзиното крштевање, Флора станала активен член на адвентистичката црква во Костарика.

„Му благодарам на Бога за мојот нов живот“, кажува таа. „Благодарна сум за сето она што го прават за мене членовите на црквата “.

За промената во животот на Флора, Харлина му ги припишува сите заслуги на Светиот Дух. Таа, исто така, верува дека Светиот Дух ја поттикнал да каже повеќе од „здраво“ тој ден кога Флора немала храна.

„Бог е голем“, вели Харлина. „ Нема ништо толку тешко што Тој не може да го направи“.

Ова мисионско искуство дава увид на животот во Костарика и на тамошните мисиски предизвици.

Дел од дарот ма 13-тата сабота ова тримесечје ќе помогне да се отвори центар на влијание што ќе ја споделува Исусовата љубов со децата кои се изложени на ризик да бидат заробени во животот на дрогата и алкохолот. Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови во 13-тата сабота на 28 септември.

Ендрју Мекчесни



## Вистинско богатство

**КОСТАРИКА** | 14 септември 2024

**Џејкел**

Џејкел потекнува од сиромашно семејство во Костарика. Додека растел, тој немал многу нешта. Но, кога наполнил 16 години, почнал да носи дебело златно ланче околу вратот и златни прстени на прстите.

Маалската банда почнала да се сомнева. Водачот на бандата, наречен „Ѓаволот“, мислел дека Џејкел можеби продава дрога без негова согласност. Тој му наложил на член на бандата да контактира со Џејкел преку социјалните мрежи и да праша: „Дали твоето ланче е направено од вистинско злато?

Џејкел бил горд што поседува вистински златен накит и испратил одговор во еден збор: „Да“. Знаел дека пораката дошла од член на банда. Тој некогаш припаѓал на таа банда, но ја напуштил за да се приклучи на друга банда. Сега, наместо да продава дрога, тој ограбувал куќи и киднапирал луѓе барајќи откуп за нив. Својот златен накит го купил со незаконски стекнати добивки од бандата.

Неколку часа подоцна, во 7 часот таа вечер, Џејкел го видел членот на

бандата како вози мотор со голема брзина накај него.

Џејкел стоел пред куќата на баба му, каде штотуку пристигнал за да преноќи.

Зад членот на бандата на моторот седел помладиот брат на друг член на бандата. Со ужас, Џејкел забележал дека момчето што седело зад возачот крева пиштол од 9 мм и почнал да пука. Го препознал дури и самиот пиштол. Тој му го продал на неговиот постар брат неколку месеци претходно.

Во брза низа, последователно, осум куршуми го пробиле телото на Џејкел: два во нозете и пет во градите и стомакот. Тој паднал на земја, преплашен. Бил премногу исплашен за да вика или да се движи. Мислите му го исполниле умот. Се сетил како тетка му, верничка на Адвентистичката црква, уште како момче го учела да се моли и да ја чита Библијата. Сфатил дека направил грешка во животот што се придружил на банди. Тој се молел: „Боже, прости ми".

Времето првично се чинело како да застанало. Потоа слушнал како мотоциклот се оддалечува. Поминал автомобил, но не застанал.

Бабата излегла од куќата и се наведнала над Џејкел.

Дошол втор автомобил и застанал. Две лица излегле, го ставиле Џејкел внатре и го однеле во болница.

Џејкел се разбудил следниот ден во 3 часот попладне. Бил приклучен на апарат која му помагал да дише. Имал 23 шевови со конци по средината на стомакот.

Дознал дека за малку ќе умрел.

Адвентистите од црквата на неговата тетка со часови се молеле за неговиот живот.

Сега тој бил жив, и тоа било вистинско чудо.

Од тој ден решил да живее за Исуса.

Три години подоцна, Џејкел завршил курс и станал фризер. Тој ја споделува својата приказна со други млади луѓе, охрабрувајќи ги да ја најдат смислата на животот во Бога, а не во бандите.

Тој ги поттикнува да го исполнат својот ум со она што е добро и да бидат близу до Бога.

Во својот живот се кае што како тинејџер го полнел умот со безвредни работи и верува дека Бог ќе му го исполни со добри мисли додека поминува време со Библијата.

Впрочем, апостол Павле рекол: „Немојте да се прилагодувате со овој свет; туку, преобразувајте се преку обновувањето на вашиот ум, за да можете да ја дознаете која е добрата, угодна, и совршена Божја волја!" (Римјаните 12,2).

„Сакам да размислувам за добри работи и не сакам да се потсетувам на минатото", вели Џејкел.

„Сега ја читам Библијата секое утро и секоја вечер. Се будам рано за да се молам. Тоа е процес. Знам дека со

Божја помош можам многу да напредувам“.

Двајцата браќа што го нападнале никогаш не биле изведени пред лицето на правдата бидејќи тој не ѝ го открил нивниот идентитет на полицијата.

Џејкел сè уште живее во истото соседство и сфаќа дека, ако ги пријави, би го загрозил и својот живот и животот на мајка му и баба му.

Што се однесува до златниот накит, тој го изгубил целиот во денот на нападот. Не знае кој го зел, но не му пречи тоа.

Впрочем, тој открил дека вистинското богатство не се носи околу вратот или на прстите, туку дека вистинското богатство е она што се носи во срцето.

Ова мисионско искуство дава увид на животот во Костарика и тамошните мисиски предизвици. Дел од дарот на 13-тата сабота ова тримесечје ќе помогне да се отвори центар на влијание за споделување на Исусовата љубов со децата кои, како Џејкел, се изложени на опасност да бидат фатени во стапицата на дрогата, бандите и алкохолот.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушен дар во 13-тата сабота, на 28 септември.

Ендрју Мекчесни

AMsda.org/A24311

## Во врска со искуството

- Покажете ја Костарика на мапата на светот.
- Гледајте го на YouTube краткото видео на Џејкел на YouTube: bit.ly/Jahiquel-IAD.
- Преземете фотографии за ова искуство од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интерамериканската дивизија: bit.ly/iad-2024.
- Ова мисионско искуство ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Френк и Кора Хачинс биле првите адвентистички работници на бреговите на Карибите кон крајот на 19. и почетокот на 20. век. Френк работел како забар, колпортер и пастор. Во тоа време, најефикасно превозно средство низ регионот било чамецот. Френк изнајмил чамец за неговите патувања во земјите од Централна Америка додека не бил во можност да купи мисионерски брод, кој го добил името „Гласник“.
- Се проценува дека 52 процента од Костариканците припаѓа на католичка вероисповед, 25 проценти се протестанти, 17 проценти немаат религиозна припадност и 6 проценти се „други“.



# Молитва за тројца

**КОСТАРИКА** | 21 септември 2024

**Стефани**

Кога Стефани и нејзиниот иден сопруг почнале да зборуваат за создавање семејство во нивната родна Костарика, сфатиле дека делат исти мисли. И двајцата сакале да имаат две биолошки деца и да посвојат трето дете.

Но, пет години по нивната венчавка, оваа брачна двојка немала деца. Така, решиле да посвојат бебе.

Агенцијата за посвојување деца во Костарика ги информирала дека нема да биде лесно. Листата на чекање била долга, и немало гаранција дека ќе добијат бебе. Детето кое се нуди за посвојување може да биде и на тинејџерска возраст.

Неколку месеци подоцна Стефани забременила и родила девојче. Три години подоцна родила момче. Поминале девет години, а таа и сопругот се сетиле на нивната желба да посвојат дете. Но, кое? Кога? Каде? И како?

„Нема проблем, ќе се молам", му рекла Стефани на својот сопруг. „Ќе го молам Бога да го натера детето да дојде кај нас, наместо ние да го бараме". Стефани се молела. Но, со време заборавила на тоа.

Една сабота, Стефани ѝ понудила на една жена, која за првпат се појавила тој ден во црква, да ја проучуваат Библијата заедно.

Жената се согласила, велејќи: „Дојди кај мене дома. Јас сум мајка на 10 деца". Всушност, жената била негувателка во сиропиталиште. Сиропиталиштето се состоело од 15 куќи со по 10 деца во секоја куќа. Секоја куќа била ја надгледувал негувател.

Стефани отишла во сиропиталиштето и почнала да ги проучува библиските вистини со негувателката и нејзините 10 деца. Негувателката му го предала своето срце на Исуса и се крстила.

Директорот на сиропиталиштето, гледајќи дека проучувањето на Библијата има позитивно влијание врз негувателката и нејзината работа, ја замолил Стефани да одржи библиски проучувања и во другите 14 куќи на сиропиталиштето. Стефани го прифатила повикот и го упатила до одборот на својата црква, а црквата испратила членови на црквата во секоја од тие 14 куќи. Стефани била доделена на куќата бр. 7.

Единаесетгодишната Мишел живеела во куќата бр.7.

Уште од првиот ден Мишел го привлекла вниманието на Стефани. Ја носела чантата на Стефани. Била внимателна и учествувала во библиското проучување. Жената и девојчето создале блиска врска.

Со дозвола од сиропиталиштето, Стефани ја однела Мишел на евангел-

ски состаноци и набргу била крстена. Тогаш девојчето почнало да прашува: „Зошто не ме посвоиш?“

Стефани поразговарала со својот сопруг за ова барање. Брачната двојка се прашувала дали можеби Мишел е детето за кое се молеле да го посвојат. Тие побарале потврда од Бога.

Тогаш Стефани се сетила на едно искуство што се случило три или четири години пред тоа, долго пред да ја запознае Мишел. Таа поканила една жена да го сподели своето лично сведоштво во црквата. Жената посетувала различни цркви и го изнесувала своето искуство за одењето во затвор, за губењето на своите шест деца што ѝ ги одзеле социјалните служби и како станала адвентист откако го слушала адвентистичко радио во затворот. Жената не одела во црквата во која одела Стефани, и Стефани во меѓувреме изгубила контакт со неа.

Сега Стефани се прашувала што се случило со жената. Ги разгледала социјалните мрежи и видела дека жената ја напуштила адвентистичката црква. На Фејсбук страницата на таа жена ја видела фотографијата на Мишел со зборовите: „Моето бебе“.

Стефани била шокирана. Жената била мајка на малата Мишел од сиропиталиштето.

Неколку дена подоцна, Стефани ја видела Мишел на роденденска прослава во Куќата бр. 7. За време на прославата, Мишел ја прашала дали може да го позајми телефонот на Стефани, велејќи: „Дали сакаш да ја видиш мојата мајка?“ Кога Стефани со одобрување кимнала, девојката пронашла фотографијата од својата мајка на интернет и ѝ ја покажала на Стефани. Тоа била жената што Стефани ја поканила да зборува во нејзината црква.

AMsda.org/A24312

## Во врска со искуството

- Покажете ја Костарика на картата.
- Гледајте го на YouTube краткото видео за Мишел: bit.ly/IAD-Michelle .
- Преземете фотографии за ова искуство од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интерамериканската дивизија: bit.ly/iad-2024.
- Ова мисионско искуство ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и жртва за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Костарика на шпански значи „богат брег“.
- На 1 декември 1948 година Костарика ја укинала својата војска. Буџетот што претходно се користел за војската, сега е наменет за обезбедување здравствена нега и образование.

За Стефани тоа била неопходната потврда. Била убедена дека Бог ја испратил Мишел да ја посвои нејзиното семејство.

Стефани разговарала со директорот на сиропиталиштето за посвојувањето. Таа му објаснила на директорот дека не знаела која е мајката на Мишел, кога првпат дошла во сиропиталиштето. Директорот ѝ рекол на Стефани дека нема да има никаков проблем ако таа никогаш повеќе не стапи во контакт со мајката.

За кратко време Мишел се преселила во нејзиниот нов дом. Тогаш веќе имала 12 години. Ѝ требале уште четири години за официјално да биде посвоена, но тоа не било важно. Таа била дома.

Денес Стефани не може да биде посреќна. Нејзиниот сон се остварил. Таа има две биолошки деца и една посвоена ќерка.

Ова мисионско искуство дава увид во животот на луѓето Костарика и на тамошните мисиски предизвици. Дел од дарот на 13-тата сабота ќе помогне да се отвори центар на влијание каде што ќе се шири Исусовата љубов меѓу децата кои се во опасност да бидат фатени во стапиците на дрогата и алкохолот.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства 13-тата сабота на 28 септември.

Ендрју Мекчесни

## Програма на 13-тата сабота 28 септември 2023

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „Копнеам за Бога вечно“, од песнарката на Христијанската адвентистичка црква бр. 96 |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Посетителот и сонот“ |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | „Силно свети милост Божја“, од песнарката на Христијанската адвентистичка црква бр. 216 |
| **Завршна молитва** | |

*Забелешка: (Учесниците не мора да ги знаат напамет нивните делови, туку да бидат доволно запознаени со материјалот, за да не мора да читаат сè од скриптата. Вежбајте ја целокупната програма, за да можаат учесниците да се чувствуваат пријатно и, по потреба да го нагласат она што сметаат дека е важно.)*



# Посетителот и сонот

**ПРОГРАМА НА 13-ТАТА САБОТА:** | 28 септември 2024

**Ериксон**

*Малку луѓе ја слушнале животната приказна на Ериксон. Дел од приказната ѝ раскажал на мајка му. Целата приказна ѝ ја раскажал на сопругата. Неговите три мали ќерки никогаш не ја слушнале. Неговиот покоен татко исто така никогаш не ја слушнал.*

*Ериксон, кој е пастор и водач на Адвентистичката црква во Костарика, немал желба да го споделува своето искуство од страв дека луѓето нема да му веруваат. Но, откако слушнал голем број неверојатни сведоштва додека помагал на Адвентистичката мисија да собере животни искуства за ова мисионско тримесечно списание во Костарика, тој ни го раскажа своето искуство. Затоа, оваа сабота ќе бидете меѓу првите што ќе ја слушнат целата негова животна приказна. Оваа приказна му го променила животот. Таа го натерала да стане адвентист на седмиот ден.*

Во градот каде што пораснал Ериксон во Гватемала, имало само две училишта: државно и адвентистичко.

Татко му го запишал Ериксон во државно училиште во прво одделение, но момчето не го видело својот учител цела година. Учителот бил на обука, објаснил директорот на училиштето. Директорот понекогаш доаѓал на часовите во прво одделение за да ги подели задачите. Но, таа година никој не ги учел децата да читаат, математика или правопис. За среќа, Ериксон ги учел тие предмети во градинка, па можел да ги заврши повремените домашни задачи. Но, многу од неговите другари од одделението го повториле првото одделение.

Таткото бил огорчен од работата на државното училиште таа школска година и го преместил својот син во адвентистичкото училиште во второ одделение. Овде Ериксон дознал за Бога.

Пред да заспие навечер, Ериксон клекнувал покрај својот кревет за да се помоли. „Боже, помогни ми да носам добри одлуки во мојот живот“, се молел тој. „Помогни ми на училиште. Помогни му на моето семејство, а особено на татко ми“.

Семејството било сиромашно. Таткото работел како возач на автобус далеку од дома, а Ериксон го гледал само неколку пати годишно. И покрај нивната сиромаштија, татко му секогаш успевал да најде средства за да го плати образованието на Ериксон во адвентистичкото училиште.

AMsda.org/A24313

## Во врска со искуството

- Покажете ги Костарика и Гватемала на картата.
- Преземете фотографии за ова искуство од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интерамериканската дивизија: bit.ly/iad-2024.

Ериксон станал извидник Патфајндер откако еден наставник го поканил да се приклучи на клубот. Директорот на „Патфајндер“ им кажал на децата дека, кој ќе освои најмногу поени, ќе добие изненадување на крајот на годината. Еден начин да се соберат поени бил да се присуствува на детската саботна школа во адвентистичката црква. Ериксон сакал да победи, па почнал да оди во саботната школа, а потоа и на богослуженијата во сабота. Тогаш за првпат слушал библиски приказни и научил да ја проучува Библијата. Читајќи ја Библијата, тој се уверил дека седмиот ден – сабота, е вистинскиот Божји ден за богослужение и дека адвентистичката црква е вистинската Божја црква.

- Ова мисионско искуство ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Пред 13-тата сабота

- Потсетете ги сите дека нивните мисионски дарови и приноси се наменети за ширење на Божјата реч насекаде низ светот и дека една четвртина од средствата на 13-тата сабота ќе помогне за шест проекти во Интерамериканската дивизија.
- Пред или по искуството, користете карта на светот за да ги прикажете земјите во Интерамериканската дивизија – Колумбија, Костарика, Доминика и Мексико – кои ќе го добијат дарот на 13-тата сабота. Можете да ја преземете мисионската карта со проектите на Facebook на bit.ly/fb-mq.

Додека се молел навечер, Ериксон изразувал желба да може почесто да го гледа татко му.

„Заштити го автобусот и мајка ми за да може да заработи пари за нашите потреби, Амин“, се молел тој.

Една вечер, кога Ериксон имал 11 или 12 години, се помолил, а потоа се испружил на својот кревет во темната соба. Очите му биле отворени, но не можел да види ништо во темнината.

Одеднаш на таванот над неговата глава се појавила силна, но нежна светлина. Тоа не била сијалица; Ериксон ја исклучил пред да се помоли. Светлината ја осветлила просторијата. Ериксон не се исплашил. Бил смирен и опуштен.

Одеднаш од светлината се покажало блескаво битие. Ериксон видел раце, нозе, тело и глава. Но не можел да ги види неговите очи, уши, нос, уста или други црти на лицето. Главата била опкружена со мек сјај. Битието клекнало на истото место покрај креветот, каде што момчето во тој момент се молело. Ги споило рацете и ја наведнало главата.

Ериксон гледал, прашувајќи се што ќе се случи следно.

Неговите молитви обично траеле пет или 10 минути, но оваа молитва завршила многу побрзо. Битието се молело 60 до 90 секунди. Потоа станало и ја ставило едната рака врз главата на Ериксон, а другата на своите гради. Срцето на Ериксон се исполнило со радост. Сметал дека го видел Исуса.

Битието не кажало ништо. Откако ја допрело главата на момчето, светлото битие се подигнало до нежната светлина, која сè уште меко сјаела на плафонот. Потоа светлината се изгасила, а спалната соба повторно потонала во мрак.

Мир и спокојството го преплавиле Ериксон. Во собата чувствувал атмосфера на добрина. Брзо заспал.

Следниот ден, Ериксон ѝ го раскажал на мајка си ова искуство. Тој се чувствувал поблизок со Исуса како никогаш порано.

Но, тоа не било крај на приказната. Неколку месеци подоцна, Ериксон имал сон за саботата. Уште како мал одел во црква во недела и продолжил да оди за да го направи среќен својот татко.

Но, откако се запишал во адвентистичкото училиште, тој почнал да оди во адвентистичката црква во сабота.

Во сонот, Ериксон стоел во црквата на својот татко за време на богослужението. Одеднаш, статуите на светците што се наоѓале долж ѕидовите на црквата почнале да се движат. Рацете им се движеле, а и нозете исто така. Смеејќи се, го бркале преплашеното момче. Ериксон можел да види и други верници во црквата, но тие се однесувале како да е сè во ред.

Наеднаш Ериксон ја здогледал познатата нежна светла на вратата од црквата. Тоа била истата светлина што ја видел во неговата спална соба неколку месеци претходно.

Ериксон почувствувал олеснување. Почувствувал дека Исус е близу и дека помошта му пристигнува.

Тогаш светлото битие кое се молело во собата на Ериксон излегло од светлината на црковната врата. Го фатило момчето за рака и го извело од црквата. Повторно, момчето можело да види раце, нозе, тело и глава, но не можело да ги забележи цртите на лицето.

## Брзи факти

- Речиси 90 проценти од видовите пеперутки во Централна Америка може да се најдат во Костарика. Во таа земја живеат околу 18 проценти од пеперутките во светот.
- Во 2012 година владата на Костарика ѝ дала посебно признание на калипсо музиката како дел од нејзиниот културен и историски идентитет.
- Оризот и гравот се вклучени во речиси секој оброк од Костарика, особено за појадок. Национално јадење на Костарика е „гало пинто", што значи „петел со дамки" и се состои од ориз и грав, пржени заедно во тава за да создадат шарен изглед.

Откако излегле, битието стоело помеѓу Ериксон и црквата. Не кажало ниту збор. Наместо тоа, со прст покажало кон црквата предупредувајќи го момчето повеќе да не оди таму на богослужение.

Следното утро, Ериксон не ѝ го кажал сонот на мајка си. Се плашел дека таа ќе му каже на татко му. Татко му сакал неговиот син да стане свештеник, па се плашел од неговата реакција.

Но, откако го сонувал овој сон, Ериксон никогаш повеќе не отишол на богослужение во недела. Тој осетил дека Исус го води по патот на праведноста и сакал да го следи. Татко му, кој одел во црква само на Божиќ и за Велигден, никогаш не побарал од момчето да се врати во неговата црква.

Околу една година по сонот, Ериксон решил да му го предаде своето срце на Исуса и да се крсти. Имал 13 години кога се приклучил на адвентистичката црква на седмиот ден.

Денес, Ериксон е пастор и водач во црквата, кој ја надгледува мисијата во неговата татковина Костарика. Тој решил да го прекине молчењето за своето минато, потсетувајќи се дека оваа, тринаесетта сабота, Бог е активен во мисијата во Интерамериканската дивизија, која ги вклучува Костарика и Гватемала. Тој особено сака луѓето да знаат дека Бог активно ги бара срцата на децата и младите, вклучително и оние кои ќе бидат опфатени од денешниот дар на 13-тата сабота. Дел од дарот ќе помогне да се отвори центар на влијание кој ќе ја шири Исусовата љубов меѓу децата кои се во опасност во Костарика. Другите проекти на Тринаесеттата сабота вклучуваат два центра на влијание за да се допре до загрозените деца во Колумбија, два центра на влијание за да се допре до луѓето од повисоката класа во Мексико и изградба на големо основно училиште во Доминика.

Ви благодариме за вашата спремност денес да приложите великодушни средства со кои Бог ве благословил.

Ендрју Мекчесни

*(Приложување на дарот во придружба на инструментална музика)*

## Идни проекти на 13-тата сабота

Проектите на 13-тата сабота следното тримесечје ќе бидат остварени во Северноамериканската дивизија:

- Изградба на центар на влијание за староседелците во Бетел на Аљаска.
- Изградба на урбан центар за живот и основање црква во Балтимор, Мерилденд.
- Подготовка на мисионските програми на Генералната конференција за 2025 година, Сент Луис, Мисури.

# ИЗВОРИ ЗА ВОДАЧИТЕ

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео Mission Spotlight, кое содржи извештаи од Западноцентралната африканска дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве се извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во ова тримесечје, посетете ги:

Веб-страници

**Колумбија:**

| | |
|---|---|
| владина веб-страница | www.gov.co |
| Smartraveller | bit.ly/SmartTrav_Colombia |
| Colombia Travel | bit.ly/ColTrav |

**Костарика:**

| | |
|---|---|
| владина веб-страница | bit.ly/CR_Embassy |
| US News & World Report | bit.ly/USNWR_CR |
| Rough Guide | bit.ly/RG_CostaRica |

**Доминика:**

| | |
|---|---|
| владина веб-страница | bit.ly/DominicaGov |
| Откријте ја Доминика | bit.ly/Discover_Dominica |
| National Geographic | bit.ly/NatGeo_Dominica |

**Тринидад:**

| | |
|---|---|
| владина веб-страница | bit.ly/TrinidadGovt |
| Lonely Planet | bit.ly/LP_Trinidad |
| Посетете го Тринидад | bit.ly/Visit_Trinidad |

**Адвентистичка црква**

| | |
|---|---|
| Интерамериканска дивизија | bit.ly/SDA-IAD |
| Карипска унија | bit.ly/IAD_CUC |
| Северноколумбиска унија | bit.ly/SDA_NCUC |
| Јужнокарипска област | bit.ly/SDA_SCC |
| Јужноцентрална костариканска | bit.ly/IAD_SCCRC |
| Универзитетот на Јужните Кариби (Тринидад) | bit.ly/IAD_USC |

### Мисионско катче

- Помогнете да допреме до 66% од светската популација кои сè уште чекаат да го искусат спасоносното знаење за Исус. Вашата поддршка со мисионските дарови помага да се направи разлика во животот на луѓето.
- За да се осигурате дека средствата за мисијата никогаш не пресушуваат, посетете ја:

Giving.AdventistMission.org.

Планирањето ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – 12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

# АДВЕНТИСТИЧКА МИСИЈА




## ИНТЕРАМЕРИКАНСКА ДИВИЗИЈА

| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Дивизија | 1 | 0 | 140 | 0 |
| Атлантскокарипска | 85 | 5 | 33,130 | 516,000 |
| Белишка | 102 | 36 | 48,744 | 431,000 |
| Карипска | 636 | 93 | 248,616 | 3,873,000 |
| Централномексиканска | 255 | 158 | 89,061 | 47,847,462 |
| Чиапашкомексиканска | 1,433 | 1,837 | 278,276 | 6,383,667 |
| Кубанска | 348 | 152 | 38,303 | 11,175,000 |
| Доминиканска | 949 | 518 | 339,165 | 10,594,000 |
| Холандскокарипска | 39 | 5 | 10,119 | 282,000 |
| Источновенецуелска | 572 | 178 | 181,799 | 13,100,269 |
| Салвадорска | 808 | 195 | 193,002 | 6,526,000 |
| Француска антилско-гвајанска | 151 | 22 | 30,183 | 1,074,000 |
| Гватемалска | 1,054 | 259 | 200,227 | 18,441,000 |
| Хаитска | 656 | 558 | 488,581 | 11,541,000 |
| Хондурска | 476 | 230 | 79,174 | 9,444,000 |
| Интерокеанско мексиканска | 1,846 | 1,428 | 209,912 | 22,111,301 |
| Јамајска | 699 | 32 | 329,718 | 2,816,000 |
| Северноколумбиска | 1,039 | 537 | 136,319 | 23,072,374 |
| Северномексиканска | 726 | 384 | 135,804 | 45,668,962 |
| Панамска | 391 | 236 | 97,309 | 4,375,000 |
| Порториканска | 312 | 8 | 33,412 | 2,828,000 |
| Јужноцентрална американска | 546 | 319 | 75,416 | 11,822,000 |
| Јужноколумбиска | 774 | 323 | 159,517 | 27,869,626 |
| Југоисточно мексиканска | 613 | 609 | 85,544 | 6,748,608 |
| Западновенецуелска | 683 | 286 | 172,983 | 15,965,731 |
| **ВКУПНО** | **15,194** | **8,408** | **3,694,454** | **304,506,000** |

## ПРОЕКТИ

1. Центар на влијание за досегнување на високата класа, Ксалапа, Мексико.
2. Центар на влијание за досегнување на високата класа, Оахака, Мексико.
3. Центар на влијание за децата изложени на ризик во провинцијата Лимон, Костарика.
4. Центар на влијание за децата изложени на ризик во Буенавентура, Колумбија.
5. Центар на влијание за децата изложени на ризик во Пуерто Тејада, Колумбија.
6. Изградба на основно училиште „Евенезер“, Росо, Доминиканска Република


**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 3/2024**

**Вести од светот**

**Издава:**

Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка подготовка:** Мелита Томовска

**Одговара:** Томе Трајков

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА